**ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА М- Р ЕЛИЗАБЕТА ЧИНГАРОВСКА**

**II- ра Конференција на пазарот на хартии од вредност на РМ 2014**

**Почитуван Гувернер на Народната банка на Република Македонија,**

**Почитувани гости, драги пријатели....**

Вистинско задоволство е што сум денеска со Вас и имам можност да се обратам на Конференцијата на пазарот на хартии од вредност 2014. Втора година по ред ја организираме Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, Македонската берза и Централниот депозитар. Минатата година кажав дека конференцијата е заедничка бидејќи нашите приоритети за развој на пазарот на хартии од вредност на Република Македонија како важен сегмент за развојот на националната економија во целина се идентични. Сега по една година слободно констатирам дека само преку соработка на сите чинители на пазарот и преку размена на искуства можеме да стигнеме до корисни предлози и прифатливи решенија кои обезбедуваат зголемување на довербата, а со тоа и посакуваниот раст на пазарот на капитал.

Сите наши активности, потребно е да бидат кохерентен збир на политики, процеси и алатки. Со вистинските луѓе и инфраструктура и на високо ниво на соработка, јас сум убедена дека можеме да одговориме на овој предизвик.

На почетокот сакам да нагласам дека освен државните институции, приватниот сектор треба да има водечка улога и одговорност за давање иницијативи, дизајнирање на релевантни предлози и мерки, кои ќе водат кон подобрување на перфомансите на македонскиот пазар на хартии од

вредност. Токму, менаџерите, ревизорите, сметководителите, брокерите, адвокатите, еснафските здруженија и да не набројувам понатаму треба да играат значајна улога во практичната проверка на имплементацијата на определени законски решенија, да ги насочуваат дискусиите и да даваат предлози за нови мерки и инструменти кои ќе дадат поголема динамика на економскиот раст. Ете така ја разбирам смислата на оваа конференција.

**Почитувани,**

Економските изгледи на регионот и на Европската Унија денес се подобри отколку пред една година, финансискиот сектор заздравува, развојот се движи во позитивна насока, но не треба да гаиме илузии, дека нашата работа како чинители на пазарот на капитал е завршена, иако резултати има. Сметам дека сме на ниво на кое ги достигнавме заедничките стандарди, но привлекувањето на инвеститорите, домашни и странски, нивната заштита, сигурноста во праведноста, ефикасноста и транспарентноста на пазарите, треба да бидат нашите приоритети на кои работиме и кон кои ќе се стремиме и во идниот период.

Во изминатата година во Европската Унија, релевантните директиви обезбедија унапредувања во делот на зајакнување на супервизијата на пазарот на капитал, поради што деликатната рамнотежа помеѓу филозофијата "биди претпазлив и заштити се сам" и филозофија "регулаторна заштита на инвеститорите" е правилно воспоставена. Но и покрај воспоставената рамнотежа сепак инвеститорите треба да се потсетат дека без оглед на заштита која е обезбедена од регулаторот, тие се уште се одговорни за своите одлуки, што во основа е разликата меѓу инвеститорите во хартии од вредност и клиенти на банките и осигурителните компании.

Подобрата координација и соработка помеѓу регулаторите, реструктуирање на регулаторните системи на национално и регионално

ниво, размената на податоци и информации за супервизорски цели, останаа главните приоритети и цели во рамките на IOSCO. Комисијата за хартии од вредност како дел од меѓународната организација постојано ги следи препораките и го унапредува регулаторниот процес, се адаптира на осцилациите на берзанскиот бизнис и презема мерки за ублажување на евентуалните шокови.

Ценовните трендови , проследени со ниски промети од само неколку стотици илјади евра просечно дневно, пребирливоста на странските и недоволната активност на домашните инситуционални инвеститори, недостатокот на нови финансиски инструменти на пазарот, негативните промени во финансиските резултати на котираните компании кај нас, концентрацијата на сопственоста, некозинстентната дивидендна политика и се уште ниската корпоративна свест се ограничувачките фактори со кои секојдневно се соочуваме, ги анализираме и се справуваме.

Ќе посочам само неколку бројки: во 2013 година, 60 проценти од друштвата од стопанството што објавиле годишни финансиски извештаи оствариле оперативна добивка, но за жал има и компании кои кумулираат загуби подолг период и им се подјадува капиталот. Минатата година, од вкупниот промет реализиран на Македонската берза дури 88 проценти отпаѓаат на купувања направени од страна на домашни физички и правни лица. Во 2013 година, нема ниту една јавна емисија на хартии од вредност што покажува дека компаниите се уште не го користат пазарот на капитал како извор на финансирање на своите проекти.

Затоа велам: Ако гледаме по бројките на странските инвестиции и приливот на капитал, верувам дека спојувањето на пазарите во регионот сигурно би допринело за привлекување повеќе капитал, а финансирањето преку пазарот на хартии од вредност е опција до која ќе стигнеме преку јакнење на корпоративната свест.

**Почитувани,**

На минатогодишната конференција овде во хотелот Александар Палас еден македонски водечки менаџер нагласи дека: Сите компании чекаат некакви спасители-инвеститори наместо да имаат прецизна визија и цел што треба да ја постигнат, а потоа таа идеја да ја финансираат. Треба да се комуницира повеќе со корпоративниот сектор, бидејќи има компании во Македонија со надежни проекти, бизнис-планови и едноставно само треба да се најде начин да се пратат. Ете токму тие компании се во фокусот на Комисијата.

Доколку воспоставиме подобра комуникација помеѓу сите заинтересирани страни и изградиме партнерски однос, ќе можеме подобро и да ги разбереме потребите на сите што е од суштинско значење и непоходно за раздвижување на пазарот на хартии од вредност. Преку соработка ќе овозможиме врз основа на „напливот од информации“ инвеститорите да ја донесат правилната одлука за инвестирање. Сакам да напоменам дека во последно време трендот на македонските инвеститори е да инвестираат во фондови кои се помалку ризични, но носат и пониски приноси. Оваа недела, Комисијата за хартии од вредност го даде одобрението за 11-от по ред отворен инвестициски фонд во Република Македонија. Ме радува фактот што бројот на фондови е во континуиран раст кој се очекува и да продолжи, а се зголемуваат и вложените средства во нив. Различните очекувања на инвеститорите ќе ја натераат фондовската индустрија на глобално ниво да нуди различни производи. Вниманието се очекува да биде фокусирано на специјализирани фондови, но и на ликвидни алтернативни производи кои се очекува да привлечат повеќе инвеститори.

**Почитувани,**

Новиот бран на вложувања од страна на странски и домашни инвеститори во Република Македонија, очекуваме да даде позитивен импулс на пазарот на хартии од вредност и да се создаде критична маса на потенцијални инвеститори кои врз основа на аналитичен пристап и информации ќе носат одлуки за мудро инвестирање на своите средства .

Само така мерките кои се преземаат ќе даваат резултати и полека, но сигурно можеме да кажеме дека довербата кај инвеститорската јавност во македонскиот пазар се враќа. Пазарот на капитал бил и ќе биде моторот на секоја економија, зашто преку добро регулиран пазар предусловите за подинамичен раст и развој, неспорно се исполнети.

Сите заедно остануваме и работиме на идејата за ефикасен, фер и транспарентен пазар на хартии од вредност, кој ќе биде таргет и фокус на сите потенцијални инвеститори, место на фер игра и база за иден динамичен раст и развој.

Само преку заедничко дејствување нема да заостануваме зад еволуцијата на пазарот, техничките иновации и предизвиците на глобализацијата, која неуморно се движи кон нас и која мора подготвено да ја дочекаме со сите расположиви ресурси.

**Ви Благодарам за вниманието!**